Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по претставката бр. 08-286/1 од 12.05.2022 година, врз основа на член 40 став 6 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015 и 65/2018) го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-286/2
06-06-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## РЕШЕНИЕ

Претставката бр. 08-286/1 од 12.05.2022 година, поднесена од Здружението на граѓани [redacted] со седиште на адреса [redacted], Берово, за покренување на постапка за заштита од дискриминација СЕ ОТФРЛА.

## Образложение

Здружението на граѓани , [redacted] од Берово на 12.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесе претставка бр. 08-286/1, со која бара поведување на постапка за заштита од дискриминација.

Наводите во претставката се однесуваат на тоа дека на сопственици на недвижен имот во Берово им се попречува користењето на правото на сопственост, со тоа што со Одлука на Владата бр. 40-10735/1 од 14.2021 година, дел од „Малешево“ е прогласен за заштитено подрачје од петта категорија под поимот „Заштитен предел – Малешево“. Кон претставката во прилог, подносителот достави и документација со која ги поткрепува наводите во претставката, каде тврди дека постапката за прогласување на предметната територија за заштитено подрачје не е спроведена правилно.

Комисијата на седница одржана на 06.06.2022 година, анализирајќи ја горенаведената претставка со приложената документација, утврди дека не е надлежна да постапува по истата.

Имено, Комисијата разгледувајќи ја претставката утврди дека не е надлежна да постапува по претставката согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), од причини што во конкретниот случај се работи за заштита на право на сопственост, во врска со друга спроведена постапка поврзана со категоризација на недвижен имот и уживање на право на сопственост, за што е предвидена судска постапка за заштита пред надлежен граѓански суд.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Од горенаведените причини, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Скопје,
06.06.2022 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација,
Претседател,
Кире Василев